ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-4025/11
21.09.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став 3 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Секретарот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, донесе

**ОДЛУКА**
**за невршење на избор на кандидат по интерниот оглас број 04/2023**

1.**Не се врши избор** на кандидат за унапредување по Интерен оглас бр. 4/2023 во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје за работното место Раководител на одделение за култура во Сектор за јавни дејности со шифра на работно место УПР 0101Б04000 - 1 извршител.

2.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, на ден 11.09.2023 година на веб страната на Агенцијата за администрација и веб страната на општината го објави Интерниот оглас бр.04/2023 за унапредување на 2 административни службеника.
Во врска со наведениот оглас, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана од Секретарот на општината со Решение бр.02-4025/8 од 20.09.2023 година а согласно прописите за административните службеници и Правилникот за спроведување на постапката за унапредување, спроведе административна селекција за што состави Записник од административна селекција бр. 02-4025/9 од 21.09.2023 година.
Комисијата констатираше дека на огласот за работно место Раководител на одделение за култура со шифра на работно место УПР 0101Б04000, се пријавил 1 кандидат и истиот бил неуреден. Како причина за неуредноста се наведува дека кандидатот немал ниту едно оценување во изминатиот период со оценка над 3,50.
Имајќи го во предвид горенаведеното, Секретарот на општината одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.
**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација- Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**СЕКРЕТАР**
**Георги Трајчев**

Доставено до:
-архива
-Сектор за човечки ресурси